На 11 февруари 2016 година, во хотелот Континентал во Скопје се одржа форум на тема „Вмрежувањето и соработката на граѓанските организации“ што го организира проектот **ТАКСО** во соработка со Ресурсниот центар воден од **МЦМС**.



„**Вмрежувањето е моќен глас**“, рече во своето воведно обраќање **Ирена Иванова** од Делегацијата на ЕУ во Скопје. Покрај тоа, според Иванова, вмрежувањето е и домаќинско работење. „Со вмрежувањето,
**се користат сите ресурси**
што ги имаат организациите, сите
**знаења и искуства**
. Кога сте вмрежени“, рече Иванова, „ја имате експертската сила, го имате искуството станувате релевантен партнер на Владата“. Таа изрази очекување дека
**вмрежувањето ќе биде трајна определба**
и ќе има коинтинуитет и ги повика организациите да ги искористат финансиите од ЕУ и да размислуваат за помалите иницијативи.

**Даниела Стојанова** од Ресурсниот центар на ТАКСО воден од МЦМС ги презентираше резултатите од анкетата со граѓанските организации. Вкупно 128 организации го одговориле прашалникот, од нив, речиси 60% членуваат во мрежи. „
**Мотивот за вмрежување**
и придобивките од мрежите најчесто се:
**остварувањето на општествени промени и размената на информации**
“, рече Стојанова и додаде дека кај анкетираните преовладуваат позитивните ставови за ефективноста на мрежите. Најголем дел од организациите добиле поддршка од ТАКСО (скоро половина) и тоа најмногу добиле ресурсни материјали, потоа градење капацитети и контакти и информации за вмрежувањето.

